Горан АЈДИНСКИ
Јасмина ИВАНОВСКА

**УДК: 371.4 МОНТЕСОРИ**

# „ПОМОГНИ МИ ДА ГО НАПРАВАМ ТОА САМ“ МАРИЈА МОНТЕСОРИ

***Кратка содржина***

*„Помогни ми тоа да го направам сам“ е парадигма на Марија Монтесори, жената која предизвикала револуција во педагошкиот систем во светот, жената која ги учела ментално ретардираните да читаат и пишуваат, чиј успех бил толку голем при што Монтесори методот се ширел од нација во нација сè на исток до Кореја, на запад до Хонолулу и на југ до Аргентина. Насекаде величенствено пречекана бидејќи била позната по тоа што во себе го носи планот за „новото потомство“. Нејзината педагогија е проткаена со правила кои никогаш не стареат, во кои секогаш се наоѓа нешто поинакво и нешто кое ќе го користиме во кој било момент од работата со децата (2). Преку добро подготвената околина и слободната активност се овозможува игра на детето, во која воспитувачот е умерен, ненаметлив и добро подготвен да набљудува, се овозможува опсервација со која се врши процена на способностите и на можностите на детето, спонтано и ненаметливо, а воедно се остава простор детето самостојно да напредува преку самостојна контрола на грешките. Монтесори педагогијата на детето му овозможува само да ни покаже што знае и колку може.*

***Клучни зборови:*** *МАРИЈА МОНТЕСОРИ, ПОЛАРИЗАЦИЈА, АПСОРБИРАЧКИ ДУХ И СЕНЗИБИЛНИ ПЕРИОДИ, ТРИСТЕПЕНА ЛЕКЦИЈА, РЕХАБИЛИТАЦИЈА, ХАРМОНИЧЕН РАЗВОЈ, РЕЕДУКАТОР, НЕВРОПСИХОЛОШКА РЕЕДУКАЦИЈА.*

## ВОВЕД

Марија Монтесори е родена на 31 август 1870 година, во Киаравале (Chiaravalle), во провинцијата Анкона во Италија. Уште од самите почетоци на нејзината кариера таа ги прекршила традиционалните улоги на мажот и жената, разликите помеѓу ученикот и учителот, накратко, била многу понапредна од времето во кое живеела.

Кога имала пет години (1875 година), семејството Монтесори се преселило во Рим за да ѝ овозможи на Марија подобра едукација и поблизок контакт со библиотеките и музеите.

Таа била прва жена во Италија која студирала медицина и во 1896 година се здобила со титулата доктор по медицински науки, постигнувајќи одлични резултати. Еден месец по нејзиното дипломирање била избрана за претставник на Италија на два светски конгреси на жени во Берлин и во Лондон, а од 1896 до 1898 работела како помлад лекар на Детскиот оддел на Психијатриската универзитетска клиника во Рим. Со оглед на тоа што во Клиниката третирала многу деца со ментална попреченост, таа се обидувала да прочита колку што е можно повеќе литература за овие деца. Тогаш ги открила делата на Итар и Сеген. Содржината на овие ракописи влијаела на нејзиното животно дело. Преку својата работа и преку својата теорија дошла до едно значајно откритие, дека присуството на ментални недостатоци кај децата е повеќе педагошки отколку медицински проблем. Таа сметала дека децата со кои работела не требало да бидат присутни во болниците, туку во училиштата. Тргнувајќи од ова, таа започнала да посветува повеќе време на унапредувањето на едукацијата, при што практикувала употреба на природата во училиштата за да може да ги запознае вистинските потреби на децата. Марија Монтесори развила едукативна теорија комбинирајќи ги идеите на научникот Фребел (Froebel), на антропологистот Серџи (Giuseooe Sergi), на француските лекари Итар (Jean Itard) и Сеген (Edouard Seguin), со методи кои ги заснова врз медицината, едукацијата и антропологијата. Во 1900 година управувала со едно мало училиште во Рим каде што започнала да ги применува своите методи и започнува да открива нови. Во 1907 година Монтесори започнала со ширење на својата теорија и имплементација на своите методи во педагогијата. Од 1907 до 1930 година, д-р Монтесори целото свое време и енергија ги посветила на отворање училишта низ Европа и Северна Америка. Потоа отпатувала за Индија и Шри Ланка до 1947 година, при што оспособувала илјадници учители за Монтесори педагогијата и методологијата. Во 1913 година, при нејзината прва посета на САД, Александар Грахам Бел и неговата сопруга Мабел започнуваат да ја финансираат Монтесори образовната асоцијација во Вашингтон. Други поддржувачи од САД биле и Томас Едисон и Хелен Келер. Потоа следат отворања на Монтесори училишта во Амстердам (1929) и Ларен (1938), во Холандија и Лондон

(1947), а во 1949, 1950 и 1951 била номинирана за Нобеловата награда за мир. Жан Пијаже, познат швајцарски психолог, својата прва опсервација на деца ја вршел во Монтесори училиште, тој бил долго време и претседател на швајцарското Монтесори здружение (4).

Марија Монтесори долго време живеела во Барселона, во Шпанија а во 1949 се преселила во Холандија. Таа имала приближно осумдесет и две години кога починала во Nordwijk en Zee, во Холандија, на 6 мај 1952 година.

## 1. Принципи

*Слобода* – Слободата претставува отстранување на сите пречки кои можат да го спречат внатрешниот принцип на детето кон освојување на светот. На децата за правилен развој им е потребна самостојна активност, слободна, ненаметлива, затоа што тие самите во себе носат потенцијали кои треба да ги почитуваме. Слободата се состои во самостоен избор на активност, детето само одлучува кога ќе започне и колку ќе трае. Преку набљудување на детето во ваква слободна ситуација, тоа самостојно ќе ни ги покаже своите желби, можности, способности и недостатоци (5).

*Нова наставничка* – Поранешниот статуст на наставничката во Монтесори педагогијата е поместен. Новата наставнчка мора да биде внимателна, префинета и многустрана. Не се потребни нејзината строгост, гнев, авторитет, зборови и енергија, туку потребна е мудрост со која треба да се однесува промислено при набљудувањето, послужувањето, повлекувањето, говорењето и молчењето. Таа мора добро да го познава материјалот за активност, треба да го негува редот, да врши надзор со цел некое дете задлабочено во својата активност да не биде попречено, треба да го запознава детето со активностите со материјалот и да интервенира за успешно спроведување на вежбите (6).

*Подготвена околина* – Марија Монтесори зборува за внимателно и грижливо подготвување на околината на децата, онака како што им одговара на нивните развојни периоди и која произлегува од нивната природа. Пространи и чисти простории, добро осветлени, сигурни и безбедни, кои ќе овозможат слободно движење на детето. Сите предмети да бидат на дофат на детето за да овозможат самостојност, манипулација и перцепција и слободен избор. Материјалите

за активност треба да бидат приспосбени на развојниот период на децата поради што детето ќе биде заинтересирано, внимателно и сигурно во себе. Оваа подготвена околина и самостојниот избор на детето изненадува во проценката на возраста на децата. Децата секогаш избираат и уживаат во активност за која се дораснати (7).

*Апсорбирачки дух и сензибилни периоди* – Детето го впива тоа што го гледа во својата околина, тоа што го доживува и искусува, тоа што е потребно и непотребно. Тоа впива преку неговиот психички живот несвесно, а не преку својата интелигенција. Овој апсорбирачки дух кај децата постои до 5 години и е поврзан со сензибилните периоди, така што на одредена фаза од развојот детето е способно да апсорбира одредени информации. Како што се зголемува свесноста, моќта на апсорбирачкиот дух се намалува (6).

*Детето како градител на човекот* – Во секое дете се крие план за изградување на неговото јас, задача на секое дете е да го изгради човекот во себе. Мајката го донесува новороденчето на свет, но новороденчето го изградува човекот, а родителите се помагачи во неговото изградување. Децата ги изненадуваат возрасните со своето себеизградување (6).

*Поларизација на вниманието* – Возрасните не можат да се задлабочат во работата така како што можат децата. Поларизацијата на вниманието зависи од личната подготовка на наставничката која треба да ја овозможи слободната и подготвена околина во однос на развојот на детето. Поларизацијата е цикличен процес кој се состои од концентрација, поларизација и нормализација (6, 7).

*Учење со тристепена лекција* – Во работата со малите деца, Монтесори смета дека најподобни се трите степени од кои се состои наставата, според Сежан. Првиот степен се состои во асоцијација на сетилното восприемање со називите. На детето му се даваат две бои, при што се именуваат и се покажуваат. Потоа му даваме предмети во тие бои. Вториот степен се однесува на препознавање на предметот кој одговара со бојата, а третиот степен е потсетување на називот со кој се означува предметот, се бара име на бојата. Сежан препорачува боите секогаш да се покажуваат по две, бидејќи контрастот го поддржува помнењето на боите. Марија Монтесори констатирала дека ова е најдобар начин за запознавање на боите кај децата со пречки во развојот (6).

*Лекција на тишината* – Монтесори смета дека во човековиот живот недостига тишина, па поради тоа една од нејзините лекции е

и лекцијата за тишина. Оваа лекција е посебно потребна денес, бидејќи многу родители се жалат за немирни деца. Многу помага во смирување на хиперактивноста кај децата. Вежбата за тишина се состои од активности кои се едноставни, а премногу делотворни. Децата ја сакаат тишината само доколку им се покаже, и тие сакаат да го слушнат дишењето, чукањето на срцето, шумот при превиткувањето на ногата, нежните звуци при одење на прсти; тивкото читање на приказната со анимирање на гласот предизвикува посебни доживувања кај нив (6).

*Изолација на една особина на материјалот – ограничување на материјалот* – „Меѓу многубројните особини на материјалот треба да се изолира само една" – препорачува Монтесори. Потребно е да се има план на кое сетило ќе дејствува за да може детето целосно да се насочи кон активирање на сетилото. Восприемањето се увежбува преку изолација на сетилата (6).

*Природата на воспитувањето* – Детето мора да живее природно, а не само да ја познава природата. Децата истрчуваат на дождот, ги собуваат чевлите и газат во вирови, сакаат боси да скокаат по росна трева и да заспиваат под сенките на дрвјата. Ние возрасните имаме предрасуди кон природата кои ни отежнуваат да ја осознаеме вистината. Децата немаат предрасуди и сакаат да истражуваат. Децата не сакаат само да ја набљудуваат природата туку сакаат активно да учествуваат во неа. Марија Монтесори бара да ја вклучиме природата како воспитна содржина во нашиот живот и да го издигнеме допирот со природата во нашата воспитна дејност на ниво на основен принцип (6).

## 2. Ставови

**Марија Монтесори** своите стручни ставови ги засновала врз искуствата на Итар, кој понесен од филантропијата се обидел да го социјализира Виктор, диво момче од Авејрон, оставајќи зад себе богата документација за начините на обука, и на ставовите на Сеген, кого што посебно го почитувала. Живеејќи во времето на развојот на психотерапискиот пристап на работа со децата, го примила во себе духот на тоа струење, што се очитува во нејзините методолошки постапки. Таа дефинира неколку основни ставови, покажувајќи ја со тоа значајната способност на интеграцијата на сопствените стручни искуства и разновидни пристапи на лекување и рехабилитација во детството што се развивале во тоа време. (1)

*Првиот став* на Монтесори што го издвојуваме е заснован врз фактот дека мускулите се област на личноста со кои се реализира животот. Со мускулите воспоставуваме постуларност на телото, го освојуваме просторот, учествуваме во активностите за репродукција на човечкиот род, со што всушност се остварува и се одржува човековата егзистенција како во однос на биологијата, така и во однос на социјалното поле. Таа на мускулите, т.е на движењата, им посветува посебно внимание и им дава значајно место и влијание во остварувањето на сензомоторната едукативна постапка, чиј автор е самата таа.

*Вториот став* на Монтесори е барањето рехабилитацијата да се постави врз можностите и потребите на детето што треба да ги води терапевтот, воспитувачот или реедукаторот-дефектолог во поставувањето на своите проекти на работа. Таа со тоа, можеби несвесно, го почитува ставот на Коменски дека на детето не смее да му се прави ништо што е надвор од неговите потреби и можности. Овој став произлегува и од шемата на психотерапискиот пристап. Монтесори, дефинирајќи го расположението на детето и неговата потреба, настојува да го воведе во процесот на учењето.

*Третиот став* на Монтесори се заснова врз забележувањето дека методот на рехабилитација кај ментално ретардираните лица го поттикнува нивниот хармоничен развој.

Со реинтерпретација на нејзините искуства се укажува на тоа дека соодветниот пристап на поттикнување на сетилата и моториката овозможува хармонија интеграција на примените информации, нивна подобра обработка и подобра акомодација во реалитетот каде што егзистира личноста на детето. Тоа е всушност основниот принцип на превентивна работа и спречување на декомпензацијата во развојот на личноста, со што е поставена основата на невропсихолошката рехабилитација.

„Никогаш не помагај му на детето во активност за која самото чувствува дека може да ја направи“

*Марија Монтесори*

(Рецензент: *проф. д-р Лена Дамовска*)

## ЛИТЕРАТУРА

1. **Љ. Ајдински, Г. Ајдински, З. Михаилов**, Основи на дефектолошката теорија и практика, Печатница Зоки, 1999, Скопје.

2. **Rita Kramer**. *Maria Montessori.* New York: G.P. Putman's Sons, (1976).

3. Maria Montessori (1870-1952) by Tarraugh Flaherty, **http://www.**womenshistory.about.com

4. **Notable People, http://www.**greecemontessori.org/noted.htm

5. **Таму каде што сум е слободата (Wo ich bin ist freiheit)**., Maria Montessori-филм на Gudrun Friederich, Eine Produktion des Bayerischen Rundfunks, BR 1995.

6. **10 начела на воспитувањето**, *Скрипта за интерна употреба од проектот на ГТЗ „Унапредување на згрижувањето и третманот на децата со пречки во развојот“.*

7. **Marija Montesori., Upijajući um** / *prevod Mirjana Sovrović,* Beograd., DN Centar, Beoknjiga, Beograd, 2003.

8. **Creative Quotations from...., http://**www.creativequotations.com/one/521.htm

Goran AJDINSKI
Jasmina IVANOVSKA

## ABSTRACT

*"Help me to do it on my own" is Maria Montesory's paradigm, the woman who caused revolution in the pedagogical system worldwide, the woman who taught mad and feeble-minded people to read and write. She was very successful and her method spread from nation to nation to Korea in the East, Honolulu in the West and to Argentina in the South. She was welcome everywhere, because everybody knew she carried with her the plan for the "new posterity". Her pedagogy is permeated with rules which never get old, where one can always find something different that can be used at any moment while working with children (1). A child can play in a well created environment and free activity, while the educator is moderate, not intrusive and well prepared to monitor. Through spontaneous observation the educator estimates the child's possibilities and the abilities, giving the child enough space to develop and control the mistakes independently. Montesori's pedagogy lets the child show what and how much he/she knows.*